Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 април 2026 година донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Ацо Цеков од Струмица УП2 09-126/26 од 2 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. NCC_18_20260210_90 од 25.02.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. NCC_18_20260210_90 од 25.02.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Ацо Цеков од Струмица до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-126/26 од 2 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. NCC_18_20260210_90 од 25.02.2026 година, издадено поради неподмирен долг.

Според Електродистрибуција - корисникот има неплатени задолженија евидентирани за корисничките броеви 005409702 и 005474007 за што повеќе пати е известуван од надлежните служби.

До овој момент согласно нивната евиденција истиот ги нема подмирено побарувањата, поради што е донесено сега приговараното Решение за одбивање на барањето.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 17 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-126/26 од 2 март 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Имотен лист
- Еднополна шема – постоечка и новопредвидена состојба
- Извод од ДУП за Струмица

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 13 март 2026 година со прилог:

- Листи на отворени задолжувања од 13.03.2026 година
- Слика од барањето за согласност за приклучување

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Видно од доставените Листи на отворени задолжувања е дека за дел од долгот е покрената судска постапка за наплата на истиот.

Согласно член 35 став (1) точка 5) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога корисникот има неплатени обврски кон ОДС и/или снабдувачот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–126/26**
**27 април 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**